04-653

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ИНТЕРНЕТ МАРКЕТИНГ И МАРКЕТИНГ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование, член 30 и 31 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 01.3.2019 година, донесе Одлука со број 02-378/4 од 05.03.2019 година за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната областа: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната областа маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми. Рецензентската комисија е во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска и проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 173 од Законот за високото образование и член 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната областа: бизнис менаџмент по предметот: Интернет маркетинг и во научната областа маркетинг по предметот: Маркетинг преку социјални медиуми, објавен на 01.02.2019 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се јави еден кандидат: д-р Димитар Јовевски, вработен на Економскиот факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како доцент по предметот Интернет маркетинг.

## БИОГРАФИЈА

Кандидатот **д-р Димитар Јовевски** е роден на 20.7.1983 година во Скопје. Средното образование го завршил во ДСУ „Никола Карев" во Скопје со одличен успех. Во 2002 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за менаџмент. Во 2005 година, по завршувањето на третата година од студиите со просечен успех 9,39 го продолжил образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис" во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирал во јануари 2007 година. Во декември 2007 година е избран во звањето помлад асистент на група предмети од областа на е-бизнис на депарманот по Е-бизнис, на Економскиот факултет-Скопје.

Во 2007 година се запишал на втор циклус на студии по МБА-менаџмент, а во 2008 на втор циклус студии по Е-бизнис менаџмент. Заклучно со јуни 2009 година ги положил предвидените 9 испити со просечен успех 9,00. Во април 2011